Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 199 став 4 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување на Правилникот за упатување во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили бр. 01-4001/1 од 06.08.2014 година и бр. 01-1187/1 од 16.02.2015 година

### Член 1

Во Правилникот за упатување во странство на лица на должности во меѓународни мисии и меѓународни организации, штабови, команди и мултинационални воени сили бр. 01-4001/1 од 06.08.2014 година и бр. 01-1187/1 од 16.02.2015 година, насловот се менува и гласи: „Правилник за упатување на лица на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката“.

### Член 2

Членот 2 се брише.

### Член 3

Членот 3 се менува и гласи:

„Лице на должност во странство и на територијата на Републиката“ е одбранбено аташе, воено аташе и воено и цивилно лице на служба во Армијата кое се упатува на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката.“

### Член 4

Во членот 4 став 1 се менува и гласи:

„Времетраењето на мандатот на лицата упатени на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на

територијата на Републиката е до четири години, со можност во исклучителни случаи за продолжување за уште една година."

### Член 5

Во член 4 ставови 3 и 4 по зборот „странство" се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката".

### Член 6

Во член 5 став 1 по зборот „странство" се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката".

### Член 7

Членот 6 се менува и гласи:

„Лице на должност во странство и на територијата на Републиката, на извршување на должност во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката се упатува по спроведена постапка по пат на интерен оглас и по постапка пропишана од страна на командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката".

### Член 8

Во член 8 ставот 1 се менува и гласи:

„Огласот содржи: назив на работното место односно должноста и назив на командната структура на НАТО, дипломатското претставништво на Републиката, командата, штабот и воената единица на меѓународната организација во странство или на територијата на Републиката; звање или чин, време за кое се врши упатувањето на работа, општите и посебните услови; документите потребни за пријавување и датумот за објавување."

### Член 9

Во член 12 став 3 по зборот „странство" се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката".

### Член 10

Во член 13 ставови 1 и 2 по зборот „странство" се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката".

### Член 11

Во член 14 ставови 1 и 2 по зборот „странство" се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката".

**Член 12**

Во член 16 став 1 алинеите 2 и 3 по зборот „странство“ се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката“.

**Член 13**

Во член 17 ставови 1 и 2 по зборот „странство“ се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката“.

**Член 14**

Членот 18 се менува и гласи:

„Секторот за меѓународна соработка, согласно утврдените процедури и во соработка со Министерството за надворешни работи, веднаш по извршениот избор, за лицата за кои е потребно, покренува постапка за добивање на согласност/нотификација од земјата домаќин, односно од командата, штабот и воената единица на меѓународната организација во странство или на територијата на Републиката во која се упатува лицето на работа во странство или на територијата на Републиката.

Министерот донесува решение за упатување на лицата на работа во странство или на територијата на Републиката, во кое точно се наведува денот на стапување на должноста и времетраењето на мандатот.“

**Член 15**

По членот 18, насловот на Глава III. се менува и гласи: „ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЛИЦЕТО КОЕ СЕ УПАТУВА НА РАБОТА ВО СТРАНСТВО ИЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА“.

**Член 16**

Во член 19 ставот 2 се брише.

**Член 17**

Членот 23 се менува и гласи:

„Лицето на должност во странство или на територијата на Републиката работи согласно плановите за работа на Министерството, плановите за работа на командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации во странство и на територијата на Републиката во чиј состав ја извршуваат работата, согласно насоките/инструкциите кои ги добиваат од Министерството.

**Член 18**

Во член 25 по зборот „странство“ се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката“.

Член 19

По членот 25, насловот на Глава V. се менува и гласи: „ПОСТАПКА ЗА ВРАЌАЊЕ ОД РАБОТА ВО СТРАНСТВО ИЛИ ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА.“

Член 20

Во член 26 по зборот „странство“ се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката“.

Член 21

Во член 27став 1 алинеи 1, 2 и 4 по зборот „странство“ се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката“.

Во член 27 став 1, алинејата 3 се менува и гласи:

„- тоа од Министерството или од командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, командите, штабовите и воените единици на меѓународните организации во странство и на територијата на Републиката, го побара надлежен орган, во чиј состав лицето е на работа.“

Член 22

Во член 28 по зборот „странство“ се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката“.

Член 23

Во член 29 по зборот „странство“ се додаваат зборовите „или на територијата на Републиката“.

Член 24

Членот 30 се менува и гласи:

„За останатите права и обврски на лицето кое се упатува на должност во странство или на територијата на Републиката ќе се применуваат прописите и актите кои се однесуваат на активниот воен персонал и цивилните лица на служба во Армијата .“

Член 25

Во целиот текст на правилникот, зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 26

Во целиот текст на правилникот, зборот: „работа“ се заменува со зборот: „должност“.

Член 27

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил/Контролирал: потполковник Предраг Кочовски,
помошник раководител на Сектор за човечки ресурси
Согласна: Афрдита Волина, раководител на Сектор за човечки ресурси
по овластување
Одобрил: Драган Николиќ, државен секретар

Број 02 - 2822/1
Датум 12-06-2020

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска